РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1604/1
27-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2644/1 од 07.10.2024 година, оформен по пријава против --------------, поранешен Министер за --------- -------- на Република Северна Македонија, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2644/1 од 07.10.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 07.10.2024 година, доставена е пријава против ------- -----------, поранешен Министер за -------- -------- на Република Северна Македонија, и оформен е предмет број 12-2644/1 од 07.10.2024 година.

Пријавените наводи се однесуваат за сомневање за повреда на одредбите од членот 154 став 4 од Законот за внатрешни работи од страна на -------- -------, поранешен Министер за -------- -------- на Република Северна Македонија со тоа што потпишал наредба за лицето ----- ------ од работното место Командир на Полициската станица за граничен надзор ------ при Регионалниот центар за гранични работи ------ да биде задолжен и да извршува работни задачи од работно место самостоен инспектор во категорија Ѓ, ниво Ѓ2 во Регионалниот центар за гранични работи ------, Биро за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи на РСМ и тоа (непрекинато) редоследно со издадени четири месечни писмени наредби подолго од 30 дена или вкупно во траење од 120 дена.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара Министерството за внатрешни работи на РСМ- Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди да постапи во рамките на своите законски надлежности и да изврши контрола на спроведената постапка за распоредување на лицето ------- ------- и за исходот да се извести Државната комисија со достава на прилог документација.

Од Министерството за внатрешни работи на РСМ- Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди добиен е одговор каде е наведено дека заради утврдување на вистинитоста на наводите од пријавата биле извршени потребните проверки кај надлежни организациски единици при што било утврдено дека од страна на Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси, како надлежна организациска единица за изготвување на решенија и наредби за распоредување, со акт бр.22.17-1882/1 од 11.08.2023 година, донесен од страна на поранешниот началник на Регионалниот центар за гранични работи -----, било доставено барање за изготвување на наредба за работникот ------ ------- со која од работното место командир во Полициската станица за Граничен надзор ----- да биде задолжен да извршува работни задачи самостоен инспектор во Прифатен центар за странци. Се укажува дека постапувајќи по горенаведеното барање за работникот ------ ------ од страна на поранешниот министер за внатрешни работи ----- ---- --------- била донесена наредба бр.22.6-90677/1 од 24.08.2023 година, со која именуваниот се задолжил да извршува работни задачи од работно место самостоен инспектор во Прифатен центар за странци, за период од 05.09.2023 до 04.10.2023 година.

Дополнително наведено е дека согласно потребата од понатамошно задолжување на работникот ------ ------- да извршува работни задачи во организациската единица каде што бил задоложен, од страна на поранешниот началник на Регионалниот центар за гранични работи ------ биле доставени уште три последователни барања за продолжување на наредбата и за истите биле донесени наредби за задолжување на именуваниот работник, но врз основа на претходно доставено барање од страна на именуваното лице бр.22.17-7762 од 18.10.2023 година, во кое било наведено дека е согласен да ги извршува работите и задачите од работно место самостоен инспектор во Приватен центар за странци, притоа задржувајќи ги бодовите од работното место командир во Полициската станица за Граничен надзор ------.

Од наведените причини, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите во доставената пријава, од причина што не се констатирани неправилности при внатрешната контрола спроведена од Министерството за внатрешни работи РСМ- Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, поради што согласно Законот за

спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Заменик Претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Доставено до
-подносителот на пријавата